

**Иван Здравески**

**Периодот на схизмата и нејзиното конечно надминување**

Во годините од 1968 до 1977 не може да се рече дека се воделе разговори за надминување на расколот. Во овој период се одржале неколку средби под голем притисок на тогашната комунистичка власт, со цел да изгледа дека се водат некакви разговори за да не дојде до најавеното судење на епископатот на МПЦ. Дури во 1978г. доаѓа до средба на комисии од Српската Православна Црква и МПЦ, во манастирот Св. Прохор Пчински, по молбата на МПЦ од 22 Април 1977г. за признавање на нејзината автокефалност. Комисиите се состанале и по втор пат на 17 и 19 Септември 1979г., во манастирот Св. Богородица во Калишта кај Струга, но ниту првиот, ниту вториот пат МПЦ не се покајала за извршениот противканонски и пучистички чин, па разговорите биле неуспешни.

На 20 Мај 1981г. се упокоил архиепископот Доситеј. Новоизбраниот архиепископ Ангелариј на 1 Февруари 1982г. со акт бр.37, побарал од Српската Православна Црква да ѝ признае автокефалност на МПЦ. Соборот на Српската Православна Црква, во Мај истата година, одлучува негативно по тоа прашање. Така што прашањето за признавањето на автокефалијата на МПЦ не е решено и во времето на архиепископот Ангелариј. Ангелариј барал признавање и од претстојателите на другите православни Цркви, но добил одговор дека тоа е внатрешно прашање на Српската Православна Црква.

Во 1990г. Српската Православна Црква прави неколку обиди за продолжување на разговорите со МПЦ. Заради многу несредени работи во Синодот на МПЦ, тогашниот архиепископ Гаврил избегнува да дојде до средба на комисиите. Првата средба на двете комисии е направена на 3 Март 1992г. во Белград, а разговорите се продолжени на 15 и 16 Април 1992г., во манастирот Св. Богородица во Калишта. Но како и во сите претходни обиди - сè било бесполезно. Српската Православна Црква бара покајание, МПЦ бара автокефалија.

Во меѓувреме Р. Македонија со референдумот од 8 - ми Септември 1991 год. постана самостојна држава. Потоа нема никакви званични средби, ниту на ниво на комисии, ниту на некое друго ниво, сè до 1998г. кога за помошен Епископ на преспанско - пелагониската Митрополија, хиротонисана е нашата смиреност. Само еден месец по нашата хиротонија, успеано е да се воспостави контакт со Неговото блаженство, Архиепископот Атински и на цела Грција - Христодулос, и да се договори средба на една наша делегација со него. На средбата со грчкиот Архиепископ, што беше прва по многу децении (зашто ниту еден претстојател на помесните Цркви не сакаше да прими делегација од МПЦ) беше побарано Архиепископот да посредува кај Српската Православна Црква за МПЦ. Тоа беше направено и многу брзо потоа интензивно продолжија да се водат разговори меѓу комисиите на Српската Православна Црква и МПЦ. Така, низ преговори се дојде до едно многу прифатливо решение кое е познато како Нишка согласност, бидејќи беше потпишано од членовите на комисиите на Српската Православна Црква и МПЦ, на средбата во Ниш на 17 Мај 2002г. Согласноста предвидуваше решение на две базични прашања: статусот на Црквата во Р. Македонија да биде автономен и името на Црквата да биде Охридска Архиепископија. Тоа во суштина беше оптимално решение, зашто на сите им е познато дека не е можно да биде прифатена една автокефалија, која е произведена на пучистички начин, без претходно да го помине статусот на автономија. Исто така не е можно да биде прифатено и името Македонска Православна Црква од страна на сите православни Цркви, кога се знае дека поголемиот дел на географска Македонија е во Грција, па Грчките Цркви не се согласуваат само Црквата на територијата во денешна Р. Македонија да го има ексклузивното право да се нарече Македонска.

Иако потпишаа, тројцата митрополити на МПЦ: австралискиот Петар, дебарско - кичевскиот Тимотеј и струмичкиот Наум - ги повлекоа потписите и се откажаа од Согласноста под притисок на власта. Синодот на МПЦ одлучи да не ја прифати Нишката согласност. На таа седница на Синодот на која се одлучуваше за прифаќање на Нишкиот договор не беше присутна нашата смиреност, бидејќи бевме на поклоничко патување низ Грција со студентите од Богословскиот факултет во Скопје. Откако се вративме, по консултација со некои членови на Синодот на МПЦ, отидовме во Белград на средба со Синодот на Српската Православна Црква, за да бараме решение за новонастанатата состојба. Најдобро изгледаше решението: Српската Православна Црква да упати поединечен повик до Архијереите, свештенството, монаштвото и

побожниот народ во Р. Македонија, за пристапување кон литургиско и канонско единство со Српската Православна Црква, а преку неа и со сите православни Цркви. - Иако лично нас ни беше ветено од страна на уште неколку Архијереи во МПЦ дека ќе одговорат позитивно на таквиот повик, нашиот одговор од позиција на Митрополит на велеската и повардарска света Митрополија, заедно со целокупното свештенство и побожниот народ, остана осамен. На 22 Јуни 2002г., со писмен акт од страна на српскиот Патријарх Павле (1990-), бевме примени во литургиско и канонско единство со Српската Православна Црква и преку неа со целата православна екумена. Но, на 6 Јули 2002г., по одлука на Архијерејскиот Синод на МПЦ (од 5 Јули 2002г.) - според која Митрополитот Јован е разрешен „од должноста епархиски Архијереј на повардарската епархија“, полицијата на Р. Македонија, спротивно на Уставот на Р. Македонија - според кој Црквата е одвоена од државата - ја спроведе одлуката на Синодот на МПЦ и нè прогони од резиденцијата на велеската и повардарска света Митрополија.

Првата Литургија на единство со Српската Православна Црква, и преку неа со целата православна Црква, беше во манастирот Копорин, на 600 - годишнината од подигнувањето на манастирот, заедно со Патријархот српски Павле, Епископот домаќин - браничевскиот Игнатиј и други Епископи - негови гости. Со тоа и практично се запечати литургиското и канонско единство кое заради несаканите случувања врзани со нашето прогонство, се случи дури на 1 Август 2002г. Повеќе од еден месец по писменото соопштение дека сме примени во единство.

Штом се виде дека нема изгледи брзо да се променат настаните, и дека останатиот дел од епископатот на расколничката Црква во Р. Македонија нема намера да одговори на повикот од Патријархот Павле, Синодот на Српската Православна Црква одлучи да свика вондреден Архијерејски Собор по ова прашање. Соборот се одржа на 23 и 24 Септември 2002г. во Патријаршијата во Белград и се одлучи на нашата смиреност да и биде доделена титулата Егзарх на Неговата светост Патријархот српски и на охридскиот трон, заедно со постоечката - Митрополит велески и повардарски. Тоа значи дека ни беше дадена канонска можност да администрираме со епархиите во Р. Македонија, богослужејќи и организирајќи го црковниот живот во нив.

Откако Светиот Архијерејски Собор на Српската Православна Црква увиде дека расколничката јерархија на МПЦ нема никаков интерес да влезе во единство со Православната Црква, на Соборот на Архијереите во Мај 2003 беа избрани уште двајца Епископи за Охридската Архиепископија: Јоаким, со титула велички и Марко со титула дремвицки, кои веднаш постанаа местобљудстители на испразнетите епархии во Р. Македонија. Така се создадоа услови за формирање на Свет Архијерејски Синод на Православната Охридска Архиепископија. На 25 Декември 2003г. се конституира Свет Архијерејски Синод на Архиепископијата. За негов претседател беше избрана нашата

смиреност.

Веднаш потоа, во Јануари 2004 г. скоро целото монаштво - машко и женско, кое дотогаш беше во расколничката организација МПЦ, премина во канонската Охридска Архиепископија. Тоа беше причина, истиот тој ден, власта на Р. Македонија да нѐ стави во притвор и да нѐ обвини за кривично дело „распалување на национална и верска омраза, раздор и нетрпеливост", а монасите и монахињите да ги избрка од манастирите, со помош на полицијата. Скоро по еден месец одлежан во притвор нѐ ослободија, но неколку месеци потоа нѐ осудија на две и пол години затворска казна, која ја издржувавме од 2005г. до 2007г. во затворот „Идризово" во Скопје.

Од почетокот на 2004г. по конструирањето на Светиот Архијерејски Синод и пристапувањето на монаштвото во канонската Црква, за Епископите, клирот и верниот народ на Православната Охридска Архиепископија настапија уште потешки моменти. Во Февруари 2004г. власта испрати петмина маскирани и вооружени напаѓачи во манастирот Св. Јован Златоуст (нашата времена резиденција), кои го опљачкаа, го запалија манастирот и ги повредија монахињите што се најдоа во него. Неколку месеци подоцна, со решение на Министерството за транспорт и врски, во присуство на огромен број вооружени полицајци, ни ја срушија манастирската црква. Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи истата таа 2004г. одби да ја регистрира Православната Охридска Архиепископија. Тоа овозможи полицијата да почне да ги малтретира, не само Епископите и свештениците, туку и верниот народ на канонската Црква. Без судски налози, натрапнички и како бандити, полицајците влегуваа во домовите на Христијаните, правеа претрес и не ретко им одземаа од покуќнината која никогаш не им беше вратена. Во присуство на полицијата, платеници од расколничката организација во Јули 2005г., го демолираа параклисот Св. Нектариј Егински во Скопје.

На 24 Мај 2005г., Патријархот српски Павле, согласно на Нишката согласност, го потврди изборот на нашата смиреност за Архиепископ на Охридската Архиепископија со титула: Архиепископ охридски и Митрополит скопски - а истиот ден, Светиот Архијерејски Собор на Српската Православна Црква го издаде Томосот за автономија на Православната Охридска Архиепископија.

Со сѐ што власта на Р. Македонија презеде против Православната Охридска Архиепископија воопшто не се покажа како демократска, ами како крајно тоталитаристичка. Вакво гонење на Црквата имаше во времето на комунизмот, но не во Р. Македонија, туку во другите комунистички држави. Во Р. Македонија комунистите употребија многу побезобразна борба. Навидум ја подражаваат Црквата, зашто токму

тие ја создадоа, но од друга страна тоа го прават за да можат преку внатрешно направениот раскол (во СПЦ) истата да ја уништат.

Сепак, Црквата почива врз сведоштвото, односно маченииштвото. За сите важни моменти што ја обележале историјата на Црквата требало да се сведочи, односно да се отстрада. Така и за ова единство треба да се отстрада. И тогаш тоа ќе се запечати.

Го молиме Господ Кој ни се објави во Троица, да ни биде помошник. Со Негова помош и најтешкото лесно се поднесува.

Нему слава, чест и поклонение во вековите на вековите.

На денот на споменот на свети Теофилакт Архиепископ охридски
31 Декември 2006 / 13 Јануари 2007
затвор „Идризово“ - Скопје

1 Според православната еклисиологија, постојат два критериума за католичност, односно собрност на Црквата. Едниот критериум е врзан со локалната евхаристијска заедница која имајќи структура: Епикоп, свештеник, ѓакон и народ Божји, имајќи права вера и апостолско преемство, е потполна, католичанска (собрна) Црква. Вториот критериум на соброноста се мери преку единството на распространетите во вселената локални Цркви, а се манифестира низ прифаќањето (примањето), или уште би го нарекле меѓусебното признавање на тие локални католичански Цркви во вселената. Во римокатоличката Црква сеуште доминатно место има критериумот за вселенска соборност, односно критериумот за универзална Црква. Од тој критериум, но и за тој критериум институционализирано е папстовото.

Познати се некои обиди од одредени Патријарси и во Источната Црква универзалниот критериум на соборноста на Црквата да се наметне над критериумот за соборност на секоја локална Црква, а со цел да се институционализира Патријаршијата како правен механизам за гарантирање на единството на Црквата. Веруваме дека од таква погрешна еклисиологија се водени толкувањата кои се трудат да објаснат дека без оглед на тоа што бугарскиот Патријарх се селел од Епископија во Епископија тој ги задржувал своите патријаршиски права. Тоа е спротивно на еклисиолошкиот критериум за соборност

(католичност) на секоја локална евхаристијска заедница. Никој нема право, без негова согласност, или без суд да го отповика Епископот на една локална Црква и да му ја одземе јурисдикцијата во неговата Епископија. Секако, на тоа нема право ниту Патријархот, па затоа јасно е зошто селењето на бугарскиот Патријарх неможе да се толкува како селење на Патријаршија, или како селење на претстоителот на таа помесна Црква.

2 Македонската Православна Црква е расколничка организација и не може да се нарече Црква.

3 За еклисиолошката ерес на расколниците во Р. Македонија пишувавме во друга студија. Таму детално образложивме зошто сметаме дека во расколничката организација во Р. Македонија веќе се развија три типа на еклисиолошка ерес. Овде само накратко ќе соопштиме дека првиот вид ерес е разбивањето на структрурата на Црквата. Имено, после протерувањето на Митрополитот скопски Јосиф од страна на комунистичката власт во Н.Р. Македонија во 1945г., Црквата на таа територија остана без Епископ сè до 1958г. Општо е познато дека не може да постои црковна структура и некој да се нарече Црква без Епископ. Вториот вид еклисиолошка ерес е етнофилетизмот кој е главниот мотив за самопроглсување на автокефалност на т.н. МПЦ во 1967г. Третиот вид на еклисиолошка ерес е во самата сегашна организираност на расколниците во Р. Македонија кои како највисоко црковно-управно и законодавно тело го поставуваат Црковно-народниот собор (според чл.38 од Уставот на МПЦ), што е потполно спротивно од преданието на Црквата која за највисок авторитет го има Архијерејскиот Собор. За ова поопширно види: Јован, Архиепископ охридски, Еклисиолопката ерес во расколот на религиозната организација во Република Македонија, Соборност, година VI, бр.16-18/2006, Скопје 2006.; и John, Metropolitan of Veles, The Theological and Historical Aspect of the Schism of the Church in the Republic of Macedonia and the Overcoming Thereof, in the book: For the Kongdom to Come, vol I, Ohrid 2005.

4 Треба да се подвлече тоа дека во тоа време со епархиите во Н.Р. Македонија администрирал Патријархот Герман (1958-1990). Така, изборот на викарниот Епископ топлички г. Доситеј за епархиски Архијереј во Н.Р. Македонија е потполно неканонски. За таквата постапка канините предвидуваат најстрога казна, разрешување односно расчинување. Види: 15-ти канон од I Вселенски собор, 17-тиот канон на V-VI Вселенски собор, 16-ти од Антиохијскиот синод.

5 За сево ова се зборува во образложението на: Акт, Син. бр.50/зап.7, од 15/2.09.1967г.

6 Акт, Син. бр.1150/зап. 142, од 19.03.1968г.

**Крај**